Бр.08-4

Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на член 15 и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 04/05, 70/06 и 22/07) постапувајќи во постапката поведена по барање на ДООЕЛ ,,МИРЕН СОН,, XXX[1] против Јавното претпријатие за комунална дејност ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ Охрид XXX за утврдување на злоупотреба на доминантна позиција на пазарот на одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги на територијата на општина Охрид, на седницата одржана на ден 19.07.2010 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **Се утврдува** дека Јавното претпријатие за комунална дејност ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ Охрид со седиште на ул. Комплекс Расадник бб Охрид, како **единствено претпријатие** кое на територијата на општина Охрид ја врши комуналната дејност од јавен интерес - одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги, согласно член 13 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата **има доминантна позиција на овој пазар**.

2. **Се утврдува** дека Јавното претпријатие за комунална дејност ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ Охрид **ја злоупотребува својата доминантна позиција** од точка 1 на ова решение во смисла на одредбата член 14 став (2) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, на начин што наплатува надомест за наменско осигурување и ги обврзува граѓаните кои плаќаат наменско осигурување од 40,оо денари да мораат да подигнуваат погребална опрема од ЈП ,,Охридски Комуналец,,,со што ги ограничува пазарите на штета на потрошувачите.

3. **Времетраењето** на злоупотребата од точка 2) од ова Решение е од 29.09.2009 година до денот на донесување на ова Решение.

4. **Му се забранува** на Јавното претпријатие за комунална дејност ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ Охрид натамошна наплата на надомест за наменско осигурување.

5. Непостапувањето по точка 4) и од диспозитивот на ова Решение претставува **прекршок** согласно член 47 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 11.03.2010 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) доставено е барање за поведување постапка од ДООЕЛ ,,МИРЕН СОН,, против Јавното претпријатие за

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

комунална дејност ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ Охрид,, (во понатамошниот текст: ЈП ,,Охридски Комуналец,,)

По разгледување на барањето, Комисијата на 15.03.2010 година со допис бр. 08-4 побара од подносителот на барањето истито да го дополни. Подносителот го достави дополнувањето на барањето на 18.03.2010 година. Во барањето, како и во дополнувањето на истото се наведува дека ЈП ,,Охридски Комуналец,, ја злоупотребува својата доминантна позиција на начин што на граѓаните, корисниците на комуналните услуги, на кои им наплата на 40,оо денари восметката за ѓубретарина на име наменско осигурување да мора да подигнуваат погребална опрема од ЈП ,,Охридски Комуналец,, со што им нанесува штета на конкурентските можности на другите претпријатија учесници на релевантниот пазар.

Врз основа на наведеното барање Комисијата донесе заклучок бр. 08-4 од 01.04.2010 годиина за поведување постапка против ЈП ,,Охридски Комуналец,,. заради утврдување на евентуално постоење на доминантна позиција на пазарот на одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги,и евентуална злоупотреба на таквата доминантна позиција, забранета со член 14 од Законот за заштита на конкуренцијата.
ЈП ,,Охридски Комуналец,, со допис бр. 08-4 од 14.05.2010 и допис бр. 08-4 од 15.04.2010 година одговори на заклучокот за поведување постапка и достави податоци барани со заклучокот, а од потенцијално значење за одлучување во постапката.

Заради правилно и целосно утврдување на фактичката состојба и релевантните факти од значење за одлучување во постапката, службени лица од Комисијата врз основа на Заклучок бр. 08-4 од 28.04.2010 година извршија увид во трговските книги и друга документација во врска со работењето на ЈП ,,Охридски Комуналец,, за што е сосотавен и записник бр. 08-4 од 29.04.2010 година.

На ден 03.06.2010 година Комисјата достави Известување за писмено изјаснување по наводите на Комисисјата во врска со управната работа бр.08-4 до ЈП ,,Охридски Комуналец,, и ДООЕЛ Мирен Сон.

На 15.06.2010 година со допис бр. 08-4 ЈП ,,Охридски Комуналец,, Достави изјаснување по наводите на Комисијата.

До денот на донесување на ова решение ДООЕЛ Мирен Сон не достави изјаснување по наводите на Комисијата.

Врз основа на вака прибавените докази во текот на постапката во предметот 08-4 од 2010 година, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

### *1. Релевантен пазар*

Согласно член 5 став (1) алинеа 7, 8 и 9 од Законот за заштита на конкуренцијата

"релевантен пазар" е релевантен пазар на стоки и релевантен географски пазар;

- "релевантен пазар на стоки" е пазар на сите стоки и/или услуги што се сметаат за меѓусебно разменливи или заменливи за потрошувачот, според карактеристиките на стоките, нивните цени и нивната наменска употреба;

- "релевантен географски пазар" е пазар на подрачје во кое засегнатите претпријатија се вклучени во понудата и побарувачката на стоки и/или услуги, во кое условите за конкуренција се доволно хомогени и можат да се

разграничат од соседните подрачја, според условите за конкуренција кои се значително различни во тие подрачја;

Во однос на предметната постапка, Комисијата утврди дека релевантен пазар на стоки е пазарот на одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги релевантен географски пазар, додека релевантен географски пазар е територијата на општина Охрид.

### *2. Постоење на доминантна позиција на пазарот одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги на територијата на општина Охрид*

Согласно член 13 став (1) алинеја 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, "*едно претпријатие има доминантна позиција на релевантниот пазар, ако како потенцијален продавач или купувач на определен вид стоки и/или услуги нема конкуренти на релевантниот пазар*

Со Одлуката за комунален ред на општина Охрид донесена од Советот на општина Охрид од 26.02.1998 година, општина Охрид го овласти ЈП ,,Охридски Комуналец,, да врши одржување на гробишта и давање на погребални услуги (член 71 и член 72 од Одлуката).

Со цел усогласување на работењето на ЈП ,,Охридски Комуналец,, со одредбите од Законот за гробишта и погребални услуги (Службен весник на РМ бр. 86/08) општината Охрид започнала постапка за статусни промени на ЈП ,,Охридски Комуналец,, односно издвојување од претпријатието на нови претпријатија. До денот на донесување на ова решение наведената постапка за статусни промени на ЈП ,,Охридски Комуналец,, е сеуште во тек и истото сеуште нема обезбедено дозвола за управување со гробиша и дозвола за вршење на погребални услуги. До завршувањето на постапката на наведените статусни промени, ЈП ,,Охридски Комуналец,, стопанисува со градските гробишта согласно актите на основачот, односно општина Охрид.

Согласно статутот на ЈП ,,Охридски Комуналец,,, ЈП ,,Охридски Комуналец,, врши стопанска дејност од комуналната област од јавен интерес, која е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на општина Охрид. Една од тие дејности е и ,,погребални и слични дејности,,.

Од овие правни акти произлегува дека ЈП ,,Охридски Комуналец,, е единствено претпријатие на територијата на општина Охрид кое врши комунална дејност од јавен интерес и има доминантна позиција на пазарот на одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги, согласно член 13 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот). Дополнително, член 3 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата предвидува дека законот се применува на правните лица чии основачи или сопственици на удели или акции се Република Македонија, општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје.

### *(1) Злоупотреба на доминатната позиција согласно член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата*

1.1.Во 1996 година ЈП ,,Охридски Комуналец,, со одлука на работничкиот совет дава можност, на доброволна основа, на граѓаните да им се наплатува дополнителен од 40,оо денари како надомест за наменско осигурување во месечните сметки за надоместок за извршена комунална услуга - подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад, со цел, во случај на смрт на член од потесното семејство да можат да подигнат бесплатна погребална опрема. Ваквата можност е наведена на самите сметки. На секоја сметка пишува дека ЈП ,,Охридски Комуналец,, за граѓаните кои уредно ги плаќаат сметките за ѓубретарина со наменско осигурување бесплатно ги нуди следните услуги: издава сандак, крст, венец, 1кг. свеќи, ламбада и кандило за граѓаните од христијанска вероисповест и нишани, талпи и платно за граѓаните од муслиманска вероисповест.

ЈП ,,Охридски Комуналец,, на граѓаните кои погребалната опрема не ја подигнале од ЈП ,,Охридски Комуналец,, а редовно го плаќале наменското осигурување ЈП ,,Охридски Комуналец,, вршел обештетување, односно исплата во готови пари.

На 29.09.2009 година ЈП ,,Охридски Комуналец,, доставува известување до граѓаните на Охрид дека доколку не се подигне погребална опрема во моментот на смртта, односно доколку погребалната опрема се подигне од приватни оператори воопшто, граѓаните го губат правото на бесплатна погреблна опрема како и можност за компензација односно финансиски надоместок.

Од периодот 29.09.2009 година кога е доставено спорното известување побарано е само едно рефундирање на средствата на корисник на солидарен погреб кое било и делумно одобрено од Управниот одбор на ЈП ,,Охридски Комуналец,, при што истите средства не му се исплатени во ефективни пари туку му се одбиени од сметката за ѓубретарина.

Видно од податоците од табелите 1 и 2 за 2009 и од 01 до 03 месец од 2010 година, 75-85% од корисниците на комунални услуги (домаќинства во општина Охрид кои плаќаат надомест за смет) плаќаат и наменско осигурување, додека 80-85% од погребите извршени во овој период биле солидарни погреби. Последователно, 80-85% од пазарот на продажба на погребална опрема, е затворен, ограничен за влез на други конкуренти, односно раст на постојните конкуренти.

**Табела 1: Број на корисници на комунални услуги и корисници кои плаќаат надомест за солидарен погреб во Охрид**

| **Период** | **Вкупен бр. на корисници на комунални услуги** | **Вкупен бр. на корисници кои плаќаат надомест за солидарни трошоци и услуги** | **% на учество на корисници кои плаќаат солидарни трошоци и услуги** |
|---|---:|---:|---:|
| **2009** | 11 940 | 10 000 | 84% |
| **01-03 месец 2010** | 13 389 | 10 050 | 78% |

**Табела2: Број на вкупно извршени погреби и број на извршени солидарни погреби во градските гробишта во Охрид**

| Период | Број на извршени погреби | Извршени погреби на товар на солидарен фонд | % на учество на извршени погреби на товар на солидарен фонд |
|---|---|---|---|
| **2009** | 432 | 358 | 83% |
| **01-03 месец 2010** | 107 | 89 | 83% |

Имено ЈП ,,Охридски Комуналец,, го организирал солидарниот погреб, така што граѓаните корисници на овој солидарен погреб добиваат бесплатно погребална опрема, односно единствено бесплатно им се нудат оние производи (погребална опрема) за чија продажба ЈП ,,Охридски Комуналец,, има конкуренција, додека производите и услугите кои единствено ЈП ,,Охридски Комуналец,, може да ги понуди – гробно место, ископ и зкоп на починат, користење на капела, превоз на починат, ЈП ,,Охридски Комуналец,, ги наплаќа од сите корисници на неговите услуги, односно како од граѓаните кои не плаќаат така и од граѓаните кои плаќаат наменско осигурување.

Со ваквата практика ЈП ,,Охридски Комуналец,, нанесувана штета како на конкурентите на пазарот на продажба на погребална опрема, така и на самите корисници на солидарниот погреб преку нивно условување за подигнување на погребална опрема единствено од ЈП ,,Охридски Комуналец,,

Продажбата на погребална опрема, е комерцијална дејност која можат да ја вршат сите правни или физички лица кои се регистрирани за вршење на продажба на производи на мало.

Со наплатата на наменско осигурување и начинот на негово користење ЈП ,,Охридски Комуналец,, врши затворање на пазарите за опремата вклучена во солидарниот погреб, особено на пазарот на продажба на сандак, крст и венец, бидејќи наведените производи се користат исклучиво при погреб на починати лица.

Заради сето горе наведено, по однос на барањето на ДООЕЛ Мирен Сон да се утврди постоење на злоупотреба на доминантна позиција од страна на ЈП ,,Охридски Комуналец,, бидејќи ги обврзува граѓаните кои плаќаат наменско осигурување да мораат да подигнуваат погребална опрема од ЈП ,,Охридски Комуналец,,, односно ги поттикнува и бара од граѓаните погребната опрема да мора да ја набават исклучиво од ЈП ,,Охридски Комуналец,, со ваквата практика ја оневозможува конкуренцијата на пазарот со што го оневозможува и изборот на потрошувачит, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека ЈП ,,Охридски Комуналец,, сторил злоупотреба на својата доминантна позиција на пазарот за одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги преку наплатата на наменско осигурување и обврзување на граѓаните кои плаќаат наменско осигурување да мораат да подигнуваат погребална опрема од ЈП ,,Охридски Комуналец,, во периодот од 29.09.2009 година до денот на донесување на ова решение. Со наплатата на наведеното наменско осигурување ЈП ,,Охридски Комуналец,, врши ограничување на конкурентските можности на правните или физичките лица кои вршат продажба на погребална опрема на штета на потрошувачите. Од тие причини, Комисијата утврди дека однесувањето на ЈП ,,Охридски Комуналец,, на пазарот претставува ограничување на

пазарите на штета на потрошувачите што е забрането согласно член 14 став (2) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**